Република Северна Македонија
Универзитет „СВ. Климент Охридски"-Битола
**ПЕДАГОШКИ ФАКУЛТЕТ**-Битола
Бр. 02-247/3
11.06. 20 19 год.
Б И Т О Л А

Врз основа на член 110 став 1 точка 1 од Законот за високото образование („Службен весник" бр.82/2018) Наставно-научниот совет на Педагошкиот факултет-Битола, на седницата одржана на ден 11.06.2019 година, донесе

**С Т А Т У Т А Р Н А  О Д Л У К А**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА**
**СТАТУТОТ**
**НА**
**ПЕДАГОШКИ ФАКУЛТЕТ-БИТОЛА**

**Член 1**

Во Статутот на Педагошки факултет-Битола, бр. 01-125/1 од 21.03.2019 година, членот 4 се менува и гласи:

„Факултетот работи под назив: **Република Северна Македонија, Универзитет „Св. Климент Охридски" – Битола, Педагошки факултет - Битола**.

Скратениот назив на фирмата на Факултетот е: **УКЛО Педагошки факултет – Битола**.

Седиштето на Факултетот е во Битола на ул. „Генерал Васко Карангелески" б.б.

Називот на англиски јазик е: **Republic of North Macedonia, University "St.Kliment Ohridski" – Bitola, Faculty of Education-Bitola.**

Скратениот назив на Факултетот на англиски јазик е: **UKLO Faculty of Education-Bitola".**

**Член 2**

Членот 5 се менува и гласи:

„Факултетот има печат, штембил и амблем.

Печатот на Факултетот има облик на круг, со дијаметар од 32 мм.

Во средината од кругот се наоѓа грбот на Република Северна Македонија, а околу грбот во концентрични кругови е испишано: **Република Северна Македонија, Универзитет „Св. Климент Охридски" – Битола, Педагошки факултет – Битола**.

Графичкиот приказ на печатот е следниов:




Штембилот има форма на правоаголник, го содржи името на **Република Северна Македонија, Универзитет „Св. Климент Охридски" – Битола, Педагошки факултет – Битола,** испишани хоризонтално едно под друго, а под нив е

оставен празен простор за впишување на бројот на актот и датум на неговото издавање и на крај пишува Битола.

Графичкиот приказ на штембилот е следниов:

Република Северна Македонија
Универзитет „СВ. Климент Охридски"-Битола
**ПЕДАГОШКИ ФАКУЛТЕТ**-Битола

БР.____________

____________20____год.
БИТОЛА

**Член 3**

Членот 9 се менува и гласи:

Факултетот има и печат со помал обем (мал печат) кој има иста форма и содржина како печатот од член 5 на овој Статут.

Големината на малиот печат е со пречник од **28** мм и истиот се употребува за заверка на документи во своето работење, како што се: индекс, студентска легитимација, испитни пријави, списоци на кандидати за полагање на испит, запишување и заверка на семестри, предмети, кредити и слично.

**Член 4**

Членот 22 став 1 се менува и гласи:

Изборите за членови на факултетското студентско собрание и за претседател на факултетското студентско собрание се одржуваат во месец Мај, а ги распишува деканот во рок од 30 дена пред нивното одржување.

**Член 5**

Оваа Статутарна одлука за изменување и дополнување на Статутот на Педагошки факултет – Битола влегува во сила со денот на објавувањето во Билтенот на Универзитетот, а ќе се објави по добиената согласност од Сенатот на Универзитетот.

Декан

____________________

проф. д-р Валентина Гулевска